**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ,,Димитар Миладинов " Скопје ,Центар**

**за период од јануари 2022 до јануари 2026 година**



Датум

јануари,2022

## Преамбула

Врз основа на Законот за основно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 161 од5.8.2019 година, член 49 и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, бр.18-6579/1 од 6.07.2020 година

ООУ ,, Димитар Миладинов“ Центар ,Скопје ја изготви Развојната програма за работана училиштето за периодот 2022 -2026

Со развојната програма се испланирани целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи , стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Формата и содржината на Развојната програма за работа на основното училиште е изготвена согласно членовите од Правилникот .

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

| **Содржина** | **Стр.** |
|---|---|
| **1.Вовед** | |
| 1.1. Идентификациони податоци за училиштето | |
| 1.2. Историјат на основното училиште | |
| 1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта | |
| **2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште** | |
| 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка | |
| 2.2. Работен стаж на вработените | |
| 2.3. Простор | |
| 2.4. Опрема и наставни средства | |
| 2.5. Материјално-финансиско работење на училиште | |
| **3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма** | |

| | |
|---|---|
| **4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години** | |
| 4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна) | |
| 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна) | |
| **5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOTанализа)** | |
| **6. Мисија и визија на основното училиште** | |
| **7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период** | |
| **8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | |
| **9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.** | |
| **10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште** | |
| **11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште** | |
| **12. Заклучок** | |
| **13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште** | |
| **14. Користена литература** | |


## Вовед

Развојна програма за работа на училиштето е изготвена врз основа на:

- ✓ Податоците, анализите и согледувањата, добиени преку работата на стручните органи во училиштето за реализацијата на воспитно образовниот процес согласно годишните планирања, а содржани во Годишните извештаи за работата на училиштето за последниот четиригодишен период
- ✓ Законот за основно образование и подзаконски акти /правилници,упатства
- ✓ Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта
- ✓ Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование
- ✓ Концепција за инклузивно образование
- ✓ Концепција за воннаставни активности во основното училиште

- ✓ Резултатите од процесот на Самоевалвација на работата на училиштето
- ✓ План и програми за воспитно-образовната дејност
- ✓ Статутот на училиштето
- ✓ Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- ✓ Извештаи од инспекциските надзори од Државниот просветен инспекторат

Приоритетните подрачја се одредени согласно резултатите од интерните и екстерните евалуации (самоевалуација, интегрална евалуација и СВОТ анализата) и ресурсите што се на располагање на училиштето, а што се потребни за нивното остварување (финансиски, материјални, човечки)

При изборот на приоритетните подрачја за развој на училиштето се водевме првенствено од потребите на учениците, специфичностите на училиштето, силните страни на училиштето ,ресурсите со кои располага.

Приоритетни подрачја за развој на училиштето се избираа од седумте подрачја од самоевалуацијата односно од екстерната евалуација .

Приоритетните подрачја каде се планира да се интервенира за развој на училиштето се: *Ресурси / Управување, раководење и креирање политики, Наставни планови и програми /Клима во училиштето*

Цели во развојната програма :

**1.Стратешка цел: Подобрување на условите за работа и престој во училиштето**

***Развојна цел (РЦ): Подобрување и обновување на инфраструктурата***

***Конкретна цел (КЦ):***

- обновување на системот за греење
- реновирање на тоалети
- реновирање на фискултурна сала
- обновување на оградата на училишниот двор
- уредување на функионално,забавно-рекреативно катче во училишниот двор

***РЦ: Подобрување на материјално-техничките услови за планирање и реализација на воспитнообразовниот процес***

***КЦ:***

- Обновување на фондот на нагледни средства
- Обновување на фондот на технички уреди (проектори,лаптопови,принтери, копири)

- Уредување на „сензорно“ катче

***РЦ: Подобрување на хигиената во училиштето***

***КЦ:***

- Зголемување на бројот на вработени за одржување на хигиената во училиштето и училишниот двор
- Набавка на современи машини и опрема за одржување на хигиената

**2. СЦ: Унапредување на процесот на демократско учество на учениците во планирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес, согласно концепциските принципи**

***РЦ: Систематско планирање, организирање и реализирање на воннаставните активности***

***КЦ:***

- Изготвување на план(листи) со понудени конкретно дефинирани содржини на активности и начин на нивно организирање и реализација

***РЦ: Подобрување на процесот на тимска работа и соработка меѓу ученичките заедници на паралелки на ниво на одделенија и на меѓуодделенско ниво***

***КЦ:***

- Планирање, организација и реализација на заеднички активности со содржини актуелни и приоритетни според проценката на учениците (училишна клима-училишен кодекс; уредување на простор; еко акции; хуманитарни акции; меѓуетнички интегрирани активности, др.)

**3.СЦ: Унапредување на процесот на професионален развој на наставниот кадар**

***РЦ: Систематско и континуирано планирање на учество во обуки и програми за професионален развој***

***КЦ:***

- Изготвување на планови за учество во обуки, со конкретна содржинска и финансиска конструкција, реализација и вреднување

- Изготвување на планови за интерни активности за професионален развој, реализација и вреднување

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Димитар Миладинов“ |
| Адреса | Бул.„Кочо Рацин“17 Центар Скопје |
| Телефон | 3161448 / 3114216 |
| Место, општина | Скопје |
| Веб-страница | www.ooudimitarmiladinov.edu.mk |
| Е-маил | miladinov.dimitar@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 8 ноември |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 6417 метри квадратни |
| Училиштен двор(m2) | 14343 метри квадратни |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 990 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 636 |
| Број на паралелки | 27 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

### 1.2.Историјат на основното училиште

Училиштето е формирано во октомври 1954 година, кога го носи името на народниот херој од НОБ - Иво Лола Рибар. Наставата се одвивала во старата зграда на гимназијата Цветан Димов, позната како машка гимназија. Во првата

учебна година имало 639 ученика. Во денешната зграда училиштето работи од 1960 година.

- ✓ Од 1961 година, по предлог на д-р Иван Рибар,таткото на Иво и Јурица, го носи името Браќа Рибар
- ✓ Во март 1994 г. се промовираше новото име на училиштето: Димитар Миладинов.
- ✓ За нашиот патрон беше компонирана химна: музика- Ристана Николова, наставник по музичко образование; текст - Стојка Даскаловска, наставник по македонски јазик. Се изработи историско катче, беше изработена биста од вајарот Бранко Јакшиќ, портрет од сликарот Благоја Николовски и започна да се празнува Денот на училиштето на Митровден.
- ✓ Забавишна група е отворена во 1960 година.
- ✓ Во 1965/66 година е воведен дневен престој за учениците

- ✓ Во 1970/71 година експериментално е воведена целодневна настава во едно прво одделение, а во 1974/75 целодневната настава е воведена од 1 до 4 одделение, со што училиштето се вбројува меѓу првите училишта во Македонија со овој вид на организација на воспитно-образовната работа.
- ✓ Во пролетта 1990 година е формирано училишното еколошко друштво „Фиданки“, кое реализираше многу активности за развивање на еколошката свест и култура кај младите генерации.
- ✓ Во 2004/2005 година почна со реализација проектот за учење на француски јазик од прво одделение.
- ✓ Во 2006/2007година почна со реализација проектот за учење на руски јазик од прво одделение.
- ✓ Работното место стручен соработник - педагог постои од 1978 година, а стручен соработник - психолог од 1989 година.
- ✓ Училишната библиотека е формирана во 1958 година. Денес има фонд од околу 14000 книги.
- ✓ Забна амбуланта во училиштето е отворена во 1970 година
- ✓ Повеќе од 30 години училиштето соработуваше со училишта од СФРЈ кои го носеа името „Браќа Рибар“: од Белград, Загреб, Брежице, Осиек, Тузла, Бегеч, Никшиќ, Пеќ, Семизовац, с. Табановци.
- ✓ Во 1991 година беше воспоставена соработка со училиште од градот Брасак во Франција.
- ✓ Во периодот од 2004 до 2008 година беше обновена соработката со основните училишта: ОУ,, Краљ Петар Први “ од Белград и ОУ ,,Брежице “ од Брежице, кои во минатото го носеле името Браќа Рибар.
- ✓ Со цел размена на искуства преку проектни активности, дружење и афирмација на македонската традиција и култура училиштето соработува со училишта од повеќе европски земји - Русија, Романија, Бугарија, Белгија, Србија, Хрватска и Словенија.
- ✓ Училиштето е верифицирано со акт бр. 10-4291/3 од 1999 година издаден од Министерството за образование и наука

1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

- ✓ Училиштето се наоѓа во Општина Центар, вострогиот центар на градот.Во неговата блиска околина се наоѓаат значајни објекти/институции од областа на културата, образованието, здравството, економијата. Ова претставува значаен ресурс за квалитет во реализацијата на воспитнообразовниот процес
- ✓ Голем број на ученици под менторство на нивните наставниците учествуваат на бројни општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и освојуваатвисоки пласмани, признанија и награди
- ✓ Постои подготвеност кај наставниот кадар за сопствен професионален развој ;Голем број на наставници даваат свој придонес во создавањето на отворени образовни ресурсии за унапредување на наставната пракса
- ✓ Во училиштето се негува традицијата на воведување на иновации во вопспитнообразовниот процес:

  - Повеќе од 15 години се реализираат проектитеПоддршка на наставата по француски јазик во основното образование, во соработка со Францускиот културен центар и Филолошки факултет (одд. настава) и Изучување на рускиот јазик од најрана возраст, во соработка со Руската амбасада (одд. настава)
  - Од 1998 година училиштето има ознака GLOBE училиште
  - Од 2008 година училиштето има ознака ЕКО училиште.
  - Дел од вработените активно работат на eTwinning проекти, како и проекти со невладини организации
  - Голем број на eTwinning проекти се здобиле со национален квалитет, од кои над 60 и со европски квалитет.
  - Училиштето е добитник два пати на ознака eTwinning училиште,2019/20 и 2020/21 година
  - Со цел размена на искуства преку проектни активности, дружење и афирмација на македонската традиција и култура училиштето соработува со училишта од повеќе европски земји - Русија, Романија, Турција, Бугарија, Белгија, Србија, Хрватска и Словенија

- ✓ Се грижиме за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците, вклучувајќи ги активно во планирањето и реализацијата на наставниот процес и воннаставни активности.
- ✓ Го развиваме и унапредуваме демократскиот модел на учество на учениците во решавање на сите прашања од училишниот живот
- ✓ Го унапредуваме процесот на соработка и тимска работа на сите чинители на процесот: ученици, вработени, родители, Општината.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | Стручна подготовка |
|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 29 | ВСС | | | | |
| | Предметна настава | 29 | ВСС 28 | ВШС 1 | | | |
| Раководен кадар | Директор | 1 | ВСС 1 | | | | |
| Стручни соработници | Педагог<br>Психолог<br>Библиотекар | 1<br>1<br>2 | ВСС 4 | | | | |
| Административни службеници | Секретар | 1 | ВСС 1 | | | | |
| Помошен и технички кадар | Хигиеничари<br>Економ<br>Хаус мајстор | 9<br>1<br>1 | ССС 10 | ОО 1 | | | |

2.2. Работен стаж на вработените

| **Работен стаж** | **Број на вработени наставници во одделенска настава** | **Број на вработени наставници во предметна настава** | **Број на вработени стручни соработници** | **Број на вработени админи-стративни службени-ци** | **Број на вработен технички персонал** | **Број на вработен раководен кадар** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| од 10 години | 4 | 11 | 0 | 1 | 3 | 0 |
| од 11 до 20 години | 14 | 9 | 0 | 0 | 3 | 1 |
| од 21 до 30 години | 6 | 5 | 3 | 0 | 4 | 0 |
| над 30 години | 5 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Вкупно | 29 | 29 | 4 | 1 | 9 | 1 |

2.3.Простор

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 16 | 905 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кабинети | 17 | 1040 | | |
| Библиотека | 1 | 71 | | |
| Медиотека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1<br><br>4 | 470<br><br>3802 | | реконструкција |
| Канцеларии | 6 | 161 | | |
| Училиштен двор | 1 | 14343 | | |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 200 | | |
| Кујна | 1 | 141 | | |
| Трпезарија | 1 | 131 | | |
| Друго | 4 | 643 | | |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| **Наставен предмет (одделенска настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| **Актив на прво одделение** | | |
| | постери<br>логички плочки<br>принтер<br>вага<br>телевизори<br><br>Комплет огледала<br>Флексибилни жици х 3.<br>Математички карти х 4.<br>Пластични семафори (играчки) х 2.<br>Комплет сообраќајни знаци х1<br>Лента стотки, десетки, единици | Аудиовизуелни средства:<br>паметна табла (смарт-табла),<br>• компјутер,<br>• ДВД-плеер,<br>• ЛЦД-проектор,<br>• дигитален фотоапарат,<br>• дигитална камера,<br>• таблет за цртање.<br>• Песочни табли/кутии за цртање и пишување;<br>• Уреди за правење фотографии и уреди за слушање музика;<br>• Интернет конекција<br>• образовни софтвери.<br><br>македонски јазик<br>• Предмети со геометриски и други форми од кои може да се составaт буквите од македонската азбука и некои интерпункциски знаци.<br>• Плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа)поврзани со |

| | | |
|---|---|---|
| | x1.<br><br>Комплет пластични коцки x2<br><br>Комплет мали пластични броеви x1.<br><br>Едукативна игра по македонски јазик x2.<br><br>Едукативна игра по математика x2<br><br>Абакус x2<br><br>Комплет математички картички со стрелки x1<br><br>Македонска азбука x1.<br><br>Гео табла x1<br><br>Логички плочки x2<br><br>Едукативни геометриски копчиња x1<br><br>Лупи (голема и мала) Сликовница Математичка сликовница x2<br><br>Дрвени фигури а едукативна игра x1<br><br>Дрвена азбука кирилица x1. Дрвени коцки во боја x1<br><br>Постер Бројна оска x1<br><br>Постер Очна | содржините и активностите.<br>општество<br>• Илустрации за поддршка на содржините/активностите поврзани за дом и семејство/заедница.<br>• Играчки за поддршка на содржините/активностите (градинарски алат, и хигиена во домот, мебел).<br>природни науки<br><br>• Висинометри (метарски стап), очна табела,<br><br>• Мали музички инструменти (ударни, жичени и дувачки), звучна виљушка, играчки, ѕвона и сл.<br><br>• Работни листови (според учебник/прирачник) |

| | | |
|---|---|---|
| | табела x1<br><br>Постер Дом и семејство x1 | |
| **Актив на второ одделение** | | |
| | • Магнетна табла<br>• Постери<br>• Сликовници-Библиотека на тркала<br>• Лаптопи (неисправни)<br>• Релјефна карта(на Актив)<br>• 1компас | • LCD проектор<br>• Службен лаптоп x 3 + звучници за лаптоп x 3<br>• Магнети за табла (поголем број)<br>• USB x 3<br>• Карти за градење зборови<br>• Картички за градење реченици<br>• Букви со слики од цела азбука<br>• Компас<br>• Комплет линеари со агломер и протектор со 360 степени<br>• Магнетни 2Д форми/комплет x 3<br>• Работни листови (збирки) со активности: Математика 1-3 одд.<br>• Логички плочки x 3<br>• Табела 100 x 3<br>• Бројна низа x 3<br>• Вага<br>Металофон (за музичко образование) x 3 |
| Македонскијазик | Постер со печатни букви | Видеопроектор |
| Математика | Геометриски тела<br>Логички плочки<br>Табела 100 | Вага за еднаквост<br>Модели за волумен<br>Магнетни геометриски плочки<br>Вертикаленбројач– Сметалка |
| Природни науки | Вертикален бројач- Сметалка<br>Вага за течност и тежина | Магнети (во облик на полупотковица)<br>Компас |
| Општество | Релјефна карта<br>Глобус<br>Постери за годишни времиња | / |
| Физичко и здравствено образование | Пластични топчиња | Топкиза:<br>-кошарка,<br>-одбојка,<br>-јажиња,<br>-Обрачи |
| Музичко образование | | Касетофони со ЦД<br>ЦД плеер,<br>Звучницизакомпјутер |
| За повеќето предмети | | Проектори за секоја паралелка<br>Смарт табла за секоја паралелка |

| | | |
|---|---|---|
| | | Тонериза Opra E312 L и за<br>HP Laser Jet Pro MFP M 28a. |
| **Актив на трето одделение** | | |
| Македонски јазик | Постер со<br>печатни букви | Видеопроектор |
| Математика | Геометриски тела<br>Логички плочки<br>Табела 100 | Вага за еднаквост<br>Модели за волумен<br>Магнетни геометриски плочки<br>Вертикаленбројач– Сметалка |
| Природни науки | Вертикален<br>бројач- Сметалка<br>Вага за течност и<br>тежина | Магнети (во облик на полупотковица)<br>Компас |
| Општество | Релјефна карта<br>Глобус<br>Постери за<br>годишни времиња | / |
| Физичко и здравствено образование | Пластични<br>топчиња | Топкиза:<br>-кошарка,<br>-одбојка,<br>-јажиња,<br>-Обрачи |
| Музичко образование | | Касетофони со ЦД<br>ЦД плеер,<br>Звучницизакомпјутер |
| За повеќето предмети | | Проектори за секоја паралелка<br>Смарт табла за секоја паралелка<br>Тонериза Opra E312 L и за<br>HP Laser Jet Pro MFP M 28a. |
| **Актив на 4 одделение** | | |
| Македонски јазик | Постер со<br>ракописни и<br>печатни букви | |
| Математика | Вертикален<br>бројач сметалка<br>Табела сто<br>Геометриски тела<br>Кутија со<br>магнетни броеви<br>Математички<br>постер -дропки<br>Математички<br>постер таблица<br>множење и<br>делење<br>Дигитална вага | Линијари, опрема за мерење маса (ваги, различни тегови за мерење маса под и над 1 kg, ваги до 1 kg, поделени на секои 10 g и ознаки на секои 100 g); графикон со месна вредност, коцки со броеви, „ѕид“ со дропки, , мензури, мерен сад, садови со различна форма и зафатнина, |
| Општество | Глобус<br>Карта на светот | Илустративен приказ на знамето и грбот на Република Северна Македонија. |

| | | |
|---|---|---|
| | Карта на Македонија<br>Неми карти | Физичко-географска карта на Република Северна Македонија (размер 1 : 50 000) и нема карта на Република Северна Македонија- .за секое одделение( за секое одделение)<br>Географска карта на светот |
| Природни науки | Термометар<br>Мензури<br>Пластични садови за мерење на течност | Звучни извори, метални/стаклени чаши, дрвено/метално/пластично стапче, звучни виљушки.Батерии, жици, метални спојувалки, метални закосници, светилки, зујалки ,компас, . динамометар |
| Музичко образование | Блок флејти<br>Металофон<br>Рачни ѕвончиња | Касетофон |
| Физичко и здравствено образование | | Топки<br>Обрачи<br>јажиња |
| За повеќето предмети | Паметна табла за секое одделение по една | Принтери -2 |
| **Актив на петто одделение** | | |
| | модел на дропки<br>вага<br>глобус<br>географска карта на РМ и на Европа | цд плеер 3<br>лаптопи 3<br>проектори 3<br>паметна табла 3<br>вага<br>усбКИНГСТОН 16ГБ 3<br>топки за фудбал и одбојка - 6<br>обрачи 6<br>јажиња 6 |

| **Наставен предмет (предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| За сите премети | Смарт табла за користење по договор во предметна настава | / |
| Македонски јазик | Компјутер, ЦД систем; | Лаптоп; ЛЦД проектор; принтер; брз интернет; смарт табла; 3-три УСБ КИНГСТОН 16ГБ. |
| Англиски јазик | -постери (добиени како пропратен материјал од | За двата кабинети по англиски јазик А1 и А2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Англиски Центар)<br>-постари зелени табли | потребно е следното:<br>- 2 бели големи смарт-табли наместо старите зелени нефункционални;<br>- 2 нови катедри;<br>- нови столчиња за наставниците и учениците;<br>- 2 шкафа-витрини со полици за книги;<br>- 4ЦД плеери - по еден за секој наставник,.<br>- 2 компјутери со 2 пара звучници за компјутер,<br>- 1 проектор;<br>- 2 принтери<br>- 2 продолжни кабли;<br>- 2 плутени табли за огласување;<br>-2 хефталици ;<br>- нови брави за вратите од двете училници по англиски јазик. |
| Француски јазик | Учебник, СД плеер (за аудио лекција) и нагледни средства: постери, карта на Франција, слики, списанија и сл. | CD читач и звучници со висок квалитет (звучници со вуфер)<br>-тематски постери проектор |
| Германски јазик | компјутер | CD читач и звучници со висок квалитет (звучници со вуфер) |
| Историја | Историски карти (дел нови и соодветни, дел застарени и несоодветни со наставната програма) , застарена литература нефункционални компјутери куќиштето е расипано и земено за да го средат. LCD проектор. | SMARTboard (паметна табла) |
| Класичната култура во европската цивилизација | Нагледни средства направени со помош на учениците како керамички садови и вазни, мозаици , макети на антички храмови и сл. | Илустрирани енциклопедии за културата на Античка Хелада и Стариот Рим |
| Математика | Столови, маси, катедра, стол за наставник, линијари, шестари 2, бела табла, збирки | шестар голем за табла 3, мали линијари, комплети 15,Танграм комплети 15(дрвени), и хефталица ,пен таблет 3, |
| Географија | Геогафски карти | Релјефен глобус |

| | | |
|---|---|---|
| | Топогравски карти<br>Собраќајни карти | Географски глобус<br>Индукционен голбус<br>Релјефни карти<br>Проектор<br>Графоскопи<br>Релјефни модели<br>Атласи со разни содржини<br>Збирка со разни фотографски податоци и разни географски појави и објекти<br>Лоптоп<br>Енциклопедии за континенти и држави |
| Информатика | 20 десктоп компјутери<br>20 тастатури<br>20 глувчиња<br>Смарт табла<br>2 десктоп компјутера за наставниците<br>Принтер | 5 десктоп компјутери<br>10 тастатури<br>20 глувчиња<br>Стабилен Интернет<br>5 ХДМИ кабли за мониторите(кои не функционираат во овој момент)<br>Мрежни кабли за интернет поврзување на десктоп компјутерите |
| Техничко образование | Проектор | Комплет триаголници за на табла<br>2 продолжни кабли<br>Ножици 10<br>Скалпери 10 |
| Природни науки | Проектор 3 (за сите предметни наставници) | Платно за проектор<br>Ножички 5<br>Модел на градба на цвет<br>Звучници за компјутер<br>2 топа хартија<br>Маркери во боја за бела табла<br>Креди во боја<br>Алкохол 96%<br>Лепак 5<br>Хамери во боја и бели<br>Сакции помали<br>Почва 70кг<br>Решо |
| Биологија | Зелен Пакет<br>Колба<br>Мензура<br>Епрувети | Скалпер<br>ракавици<br>pH хартија<br>Прехрамбена боја |

| | | |
|---|---|---|
| | Инка<br>Толчник<br>Саатно стакло<br>Макети од органи<br>Скелет (мал модел)<br>Микроскоп | Глина за моделирање 5<br>Пластични пипети 5<br>Голема кукла со внатрешни органи на човек<br>Предметни и покровни стакленца<br>2 топа хартија<br>Маркери во боја и црн<br>Креди во боја<br>Хамери бел и во боја |
| Физика | Уред за демонстрација на пливање, Метална топка со обрач за демонстрација на ширење на телата,<br>Потковичест магнет<br>Прачкаст магнет<br>Инфлуентна машина<br>Стаклено ѕвоно со пумпа<br>Модел на монофазен генератор – нефункционален<br>Модел на трифазен генератор – нефункционален<br>Модел на мотор на внатрешно согорување<br>Реостат<br>1 рамно огледало<br>1 испакнато сферно огледало<br>1 вдлабнато сферно огледало<br>1 амперметар<br>1 волтметар<br>2 лупи<br>1 стаклена призма<br>2 звучни вилушки | Лаптоп,<br>Пен таблет,<br>Проектор<br>Фет апликации и симулации за физика<br>Метарска лента<br>Триаголник<br>Агломер<br>Шестар<br>Клешти (комбинирки)<br>Штрафцигери<br>жици со различен напречен пресек<br>Пластични или дрвени плочи – подлоги за струен круг<br>Светилки<br>извори на струја (батерии)<br>прекинувачи<br>2 волтметри<br>2 лупи<br>2 оптички призми<br>Ласер<br>Апаратура за демонстрирање на лонгитудинални и трансверзални бранови,<br>нова врата со брава и клуч, |
| Хемија | Лабараториски прибор<br>**Опрема:**<br>Лабораториска маса за наставник 1<br>Елемент со кадичка – мијалник 2<br><br>Плакар за чување хемикалии | Магнезиумова лента<br>Раствор од сребро нитрат<br>Лакмусова хартија<br>Универзален индикатор<br>96% алкохол<br>Бирета<br>Држач за бирета<br>Филтерна хартија |

| | | |
|---|---|---|
| | 1<br>Плакар за чување на опрема 1<br><br>Метален плакар 1<br>Маса за ученици 4<br>Лабораториско столче 21<br><br>**Нагледни средства:**<br>Електричен бокал 1<br>Постер со мерни единици во SI систем 1<br>Канти за лабораториски отпад ен материјал 3L 1<br>Противпожарен сет според регулативи на РМ 1<br>Периоден систем на елементи - постер 1<br>Безбедносна запалка 1<br>Стаклена када 20 см x 20 см x 40 см 1<br>Тапи за епрувети 13-14мм 6 | Хлороводородна киселина разредена<br>Метил оранж<br>Раствор од бакар II нитрат<br>Сода бикарбона 1кг<br>Фитил за спиртна ламба<br>Аванче со толчник 2<br>Периоден систем на елементите- постер<br>Раствор од натриум хлорид<br>2 топа хартија<br>Маркери во боја и црн<br>Креди во боја<br>Хамери бел и во боја |
| Музичко образование | Синтисајзер, музички систем, инструменти (1 woodblock, 2 триангла, 1 guiro, 1 дајре, 1 мали чинели, 1 прапорци) | Проектор, компјутер, дополна на инструментариум, согласно големината на паралелките |
| Ликовно образование | / | Завеси (постоечките се кратки )<br>Компјутер<br>Смарт табла<br>Принтер<br>Проектор<br>Платно<br>УСБ КИНГСТОН 16ГБ<br>Шкаф со полици - односно витрини за изработките<br><br>-ножици,<br>-скалпер<br>-силиконски лепак со |

| | | |
|---|---|---|
| | | силиконски апликатори |
| Физичко и здравствено образование | Субстандардни услови при влез во кабинетот<br>топки за одбојка 5<br>топки за фудбал 2<br>топки за кошарка 5<br>топки за ракомет 4<br>1.пумпа не е во фукција<br>2 ракети за бадминтон<br>1 вага за мерење тежина<br>Не е во функција<br>Јаже за скокање 2-3<br>1несоодветна чешма | Адаптирање на влезот од кабинетот со безбедни и стандардни услови<br>-10 одбојкарски топки<br>-5 фудбали<br>-10 баскети<br>-10 ракометни топки<br>-1 Пумпа(иглици за пумпа 5-6)<br>-6 ракети за бадминтон<br>-10топчиња за бадминтон<br>-6 ракети за пинг понг<br>-Мрежа за пинг понг<br>-20 топчиња за пинг понг<br>-1 вага за мерење тежина<br>-10 топчиња за тенис<br>-2 јажиња за скокање<br>-3 пара патики за наставниците<br>-3 комплета тренерки за наставниците<br>-компјутер за во кабинет<br>-врата за тоалетот во Кабинетот по ФЗО<br>-Лавабо за тоалет<br>-Соодветна чешма<br>-Големи ножици<br>**за прва помош**<br>1. Еластични завои мали 5см.ширина 10м, должина 20 прчиња<br>2. Еластични завои средни 8см.ширина 10м, должина 15 прчиња<br>3. Еластични завои големи 10см.ширина 10м, должина 10 парчиња<br>4.Бетадине x 2<br>5.Ханзапласти во сите големини X 5<br>6.ICE pauer спреј за ладење на повреди X 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 7.Памучни гази во повеќе величини стерилни самолепливи<br>20 прчиња<br>8.Медицински ракавици 1 кутија М величина<br>9. 3% алкохол X 2<br>10.Фластери во повеќе големини |

2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

Сите постапки поврзани со материјално финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.
Училишниот Одбор е запознаен со планирањето и реализацијата на средствата од сопствената сметка на училиштето. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства.Во училиштето има Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите прописи и правила поврзани со реализацијата на јавните набавки.Целиот буџет се користи наменски и за конструктивни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина, како и за подобрување на условите за работа и нормално одвивање на образовниот процес.
Дел од средствата се планирани за одржување на хигиена на училиштето , заради затекнатата пандемија оваа година се предвидуваат повеќе средства . Се планираат средства за материјал за ситни поправки за тековно одржување во оваа учебна година со оглед на затекнатата состојба со ковид 19, дел од средствата треба да се наменат за наставниот кадар и администрација, согласно професионалниот развој за подобрување во делот на дигитализција во наставата на училиштето . Исто така се планираат средства за канцелариски материјал. Дел од средставата се предвидени за стручно усовршување на наставниот кадар и обука на кадар за пописна комисија со набавка на софвер за читачи на бар кодови за попис. Во годишната програма има изготвен прилог во финансискиот дел.
Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за Финансиски план за секоја учебна година .
Напомена : Финансискиот план се изготвува согласно предвидени состојби за нормално функционирање на училиштето , истиот може да претрпи измени доколку одреден простор на училиштето нема да може да се издава заради специфични околности.

3.**Подрачје на работа на основното училиште - наставен план,проширена програма и друга воспитно-образовна работа**

Во основното училиште се реализира Наставниот план и програма за основно образование.

Во училиштето е застапена задолжителна настава по сите наставни предмети со предвидениот број на часови според Наставниот план за основно деветгодишно образование

*Последните две учебни години наставата се организира во согласност со* одлуките од МОН за примена на планот и протоколот за одржување на *наставата во основното училиште.*
Наставата се изведува на македонски наставен јазик .
Во училиштето се организира и реализира настава во продолжен престој од иста паралелка за учениците од I – IV одд.

Согласно Наставниот план, прв задолжителен странски јазик е англискиот јазик, а како втор странски јазик учениците изучуваат : француски јазик, германски јазик, и руски јазик.

Изборот на втор странски јазик учениците го прават во V одделение, по пат на анкета, со можност да изберат еден од понудените јазици: француски, германски, руски и италијански јазик .

Дополнителната и додатната настава се организира согласно Законот за основно образование и Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта.

Од уч.2021/22 во прво и четврто одделение се реализира наставен план и програма согласно Концепцијата за основно образование усвоена во март,2021.

Училиштето е верифицирано со акт бр. 10-4291/3 од 1999 годинаиздаден од Министерството за образование и наука

**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**

4.1. Самоевалуација на основното училиште

| |
|---|
| **Подрачје: Наставни планови и програми**<br>**Резултати** |
| ***Јаки страни*** |

| |
|---|
| •Училиштето и наставниците целосно ги реализираат наставните планови и програми.<br>•Учениците, наставниците и училиштето се афирмираат преку реализација на постоечките вонаставни активности и постигнување на значајни резултати.<br>***Слаби страни***<br>•Недоволен избор на вонnаставни активности кои им се нудат на учениците<br>***Приоритети***<br>•Да се работи на можности за избор на нови вонnаставни активности |
| **Подрачје :Постигнувања на учениците**<br>**Резултати** |
| ***Јаки страни***<br>•Се унапредува процесот на вреднување на постигнувањата на учениците; се јакнат професионалните компетенции на наставниците.<br>•Родителите редовно се информирани за постигањата на учениците<br>•Учениците редовно ја посетуваат наставата на далечина. (MicrosoftTeams)<br>***Слаби страни***<br>•Изостануваат резултати во развивање на интеркултурните компетенции кај учениците<br>***Приоритети***<br>•Да се работи на избор на соодветни методи за развивање на интеркултурните компетенции кај учениците |
| **Подрачје: Учење и настава**<br>**Резултати** |
| ***Јаки страни***<br>•Наставата се реализира квалитетно и успешно.<br>•Во услови на пандемија, успешно организирање и реализирање на наставата на далечина (преку платформата MicrosoftTeams).<br>•Учениците од наставниците добиваат помош и совети за подобар успех воучењето.<br>•Наставниците користат различни начини на оценување за да се добие реалната оценка за секој ученик.<br>•Постои добра соработка помеѓу наставниците и учениците.<br>•Навремено известување на родителите за постигнувањата на учениците.<br>***Слаби страни***<br>•Наставниците може да имаат поголем интегративен пристап во реализацијата на наставните содржини<br>***Приоритети***<br>•Подобрување на интегративниот пристап во реализација на наставните содржини. |
| **Подрачје :Поддршка на учениците**<br>**Резултати:** |
| ***Јаки страни***<br>•Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците<br>•Родителите навремено и континуирано се известуваат за постигнувањата на учениците.<br>***Слаби страни***<br>•Пристапот и просторот во училиштето не е прилагоден на потребите на ученици со телесни пречки во развојот |

•Недоволна хигиена во училиштето
•Квалитетот на храната  во училишната кујна
***Приоритети***
•Санација на тоалетите и фискултурната сала
•Зголемување на бројот на технички персонал
•Пристапни рампи ,прилагодување на просторот за ученици со телесни пречки

**Подрачје :Училишна клима**
**Резултати**

***Јаки страни***
•Училиштето е препознатливоповисокиотквалитетнаработа и постигањатанаучениците воразличниобласти;
•Учениците гизнаатсвоитеправа и обврскивоучилиштето;
•Родителитесезапознаени со Куќниот ред и Правилникот на однесување во училиштето;
•Училиштетоподеднаквопридонесуваза учениците бе зразлика на полот, етничката припадност или социјалното потекло;
•Односот меѓу учениците и наставниците се базира на взаемно почитување и соработка;
• Учениците активно учествуваат во донесување на одлуки и решавање на проблеми
•Успешносе реализира следењето на напредокот на учениците и нивните постигнувања;
•Учениците се  охрабрувани самостојно и критички да размислуваат, поставуваа тпрашања
•Учениците и наставниците потврдуваат дека има еднаков и правичен однос кон сите ученици, истите се мотивирани да го искажуваат своето мислење, да јаг радат самопочитта и самодовербата, а кога ќе се појават потешкотии се поддржувани и охрабрувани од наставниците
•Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето се  добро организирани и достапни на родителите;
•Постои  добра соработка меѓу родителите и наставниците;
•Навремено и континуирано родителите ги добиваат информациите за постигнувањата на нивното дете;
•Училиштето има соработка со релевантни институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.
•Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата .
***Слаби страни***
•Училиштето да понуди подобар избор на воннаставни активности, училиштето
•Зголемување на соработката меѓу вработените во тимско решавање на конкретни проблеми;
•Училиштето треба да поработи на пристапот и просторот прилагоден за учениците со телесни пречки во развојот;
•Механизмите за справување и евидентирање на насилство постојат, но се дискутабилни и треба да се поработи на истите.
•Локалната заедница да се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.
•Уредување на училишниот двор и негово затворање од сите страни (освен од

| |
|---|
| задниот влез).<br>•Секој кабинет да се опреми со: комјутер, проектор, смарт табла,(повеќе принтери и печатачи во училиштето)<br>***Приоритети***<br>•Изготвување акционен план за унапредување на тимската работа во поодделни јасно дефинирани подрачја од наставниот процес.<br>•Осмислување на разновидни воннаставни активности<br>•Зајакнување на соработката и тимската работа меѓу учениците,наставниците и родителите во осмислување на заеднички акции и активности за унапредување на воспитно-образовниот процес. |
| **Подрачје :Ресурси**<br>**Резултати** |
| ***Јаки страни***<br>•Високо стручен кадар<br>•Постои целосна и професионална подготвотвеност на наставниот кадар со ажурурани портфолија за професионален развој<br>•Планираните интерни обуки успешно се реализираат заради подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот кадар<br>•Задоволувачки просторни капацитети<br>•Можност и мотивираност за подобрување на стручните способности преку советувања, семинари, симпозиуми<br>***Слаби страни***<br>•Недоволен број на вработени за одржување на хигиената<br>•Недоволна опременост со функционални наставни средства и помагала<br>•Изостанува техничка поддршка за организација и реализација на воспитно-образовниот процес<br>•Недоволно изградени внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата<br>• Транспарентно финансиското работење во училиштето<br>***Приоритети***<br>•Решавање на прашањето со бројот на хигиеничари<br>•Обновување на фондот на наставни средства /помагала<br>•Да се обезбеди финансискаподдршка согласно идентификуваните потреби за професионален развој.<br>•Реновирање на фискултурната сала и тоалетите<br>•Зазеленување на училишниот двор , реквизити и содржини за активности на отворено<br>•Навремена набавка на потрошен материјал<br>•Идентификување на потребите и изработка на јасен план за набавка на потребните наставни средства |
| **Подрачје:Раководење,управување и креирање политики**<br>**Резултати** |
| ***Јаки страни***<br>•Училиштето има Развоен план со јасно и прецизно дефинирани цели и акциски планови;<br>•Училиштето доследно ги спроведува и евалуира акциските планови за поставените цели;<br>•Вработените активно учествуваат во креирањето и реализацијата на целите на |

| |
|---|
